**НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ОХРИД**

*НУ Завод и Музеј - Охрид, ул. "Боро Шаин" бр. 10, П.Фах. 95, 6000 Охрид, Република Македонија, тел. 046/262-498; 046/231-300; факс 046/231-302, Музејска зграда Робевци 267-173; e-mail. zimohrid@yahoo.com жиро сметки: буџетска 180100907560319 и сопствена 180100907578716*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД
ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА
КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ОХРИД
Бр 04-625/1
23.05. 2019 год
ОХРИД

Врз основа на член 21 и 23 став 4 од Законот за работните односи (Сл.весник на РМ бр.62/05; 106/08; 161/08; 114/09; 139/09; 149/09; 50/10; 124/10; 47/11; 11/12; 39/12; 13/13; 25/13; 170/13; 187/13; 113/14; 20/15; 33/15; 72/15; 129/15; 27/16), член 77-ж од Законот за културата (Сл.весник на РМ бр.31/98; 49/03; 82/05; 24/07; 116/10; 47/11; 51/11; 136/12; 23/13; 187/13; 44/14; 61/15; 154/15; 39/16 и 11/18), член 20-д ст.1 од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на РМ бр.27/14;199/14;27/16; и 35/18), согласно Согласноста од Министертвото за финансии бр.18-16690/2 од 21.11.2018 година, Продолжување на важноста на Согласноста бр. 18-16690/2 од 21.11.2018 год. во делот во кој не е реализирана во тековната 2019 год., издадено од страна на Министерството за финансии бр. 18-3074/3 од 28.03.2019 год. и согласно член 13 став 2 алинеја 7 од Статутот на Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид, в.д. директорот на ден 23.05.2019 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за избор на 1(едно) лице Кустос археолог
по објавен Јавен оглас за вработување бр.01/2018

Член 1

Согласно објавениот Јавен оглас за вработување на лица на неопределено работно време во Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид бр. 01/2018 и Предлогот за избор на кандидат за работната позиција КУЛ0304Д03002, Кустос археолог, бр. 04-216/2 од 23.05.2019 година, доставен од страна на Комисијата за спроведување на постапката за вработување, за работното место наведено во Јавниот оглас под став I, точка 3 - КУЛ0304Д03002, Кустос археолог, се избира лицето Драган Танески.

## О б р а з л о ж е н и е

Постапката за вработување во Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид ја спроведе Комисија определена од страна на Министерството за култура на РМ (Допис бр. 27-13657/2 од 13.12.2018 год.).

Комисијата, по административната проверка на пријавите, на ден 31.01.2019 год., во просториите на Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид спроведе Интервју во писмена форма со пријавените кандидати за работната позиција КУЛ0304Д03002, Кустос археолог.

Комисијата за спроведување на постапката за вработување ги разгледа и оцени одговорите кои пријавените кандидати ги дадоа на прашањата поставени на Интервјуто и доставените биографии и мотивациски писма во пријавите, а по извршеното оценување, кандидатите ги рангираше по следниов редослед:

1. Драган Танески
2. Валентина Петрушеска Петроска
3. Валентина Тодороска
4. Стојче Балески
5. Никола Паскали
6. Маја Трпковска
7. Фанче Каневчева Илоска
8. Миле Илоски
9. Светлана Наумоска

Комисијата изготви Предлог до в.д. директорот за избор на кандидат за работната позиција КУЛ0304Д03002, Кустос археолог, со кој предложи да се избере прворангираниот кандидат, Драган Танески.

Согласно чл. 21 од Законот за работните односи и чл.77-ж од Законот за култура, в.д. директорот на Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид, на предлог на Комисијата, го избра лицето Драган Танески за работното место КУЛ0304Д03002, Кустос археолог.

Заради претходно наведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правна поука: Против оваа Одлука, незадоволните кандидати имаат право во рок од 8 (осум) дена да поднесат жалба до Управниот одбор на Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид.

в.д. Директор,
Елеонора Новаковска